- Изградба одржување и стопанисување на јавниот простор за паркирање,
- отстранување на непрописно паркирани возила,
- отстранување на хаварисани возила од јавните површини;
  Класа 52.21 од Националната класификација на дејности –

-Услужни дејности поврзани со копнен превоз
Класа 42.99 –изградба на други објекти од ниска градба,неспомнати на друго место.
-Класа 52.2 –придружни дејности во превозот.

Член 6

Јавното претпријатие има својство на правно лице и за превземените обврски во правниот промет со трети лица одговара со сиот свој имот.

Јавното претпријатие со својство на правно лице се стекнува со денот на уписот во трговскиот регистар.

Член 7

Јавното претпријатие не може да врши промена на дејноста од член 5 на оваа Одлука, промена на статутот, називот и седиштето, без претходна согласност од основачот.

Член 8

Почетните средства за работа на претпријатието, во износ од 5000 EUR во денарска противвредност, се обезбедуваат од Буџетот на Општина Кавадарци.

Основачот ке изврши дополнителни вложувања во јавното претријатие, доколку има потреба за тоа.

Понатаму во текот на своето работење средствата за вршење на дејноста,јавното претријатие ке ги обезбедува преку давање на услугите од дејноста за кое е основано, како и од средствата на оснивачот, и други средства согласно закон.

Член 9

Јавното претпријатие е во целосна сопственост на Општина Кавадарци.

Член 10

Јавното претпријатие има својство на правно лице со права,обврски и одговорности утврдени со Законот за јавни претпријатија.

Во правниот промет со трети лица претпријатието истапува во свое име и за своја сметка.

За сторените обврски во правниот промет со трети лица претпријатието одговара со сиот свој имот.

Член 11

Претпријатието е должно да се придржува кон програмата со која се планира за развојот и финансирање на дејноста.

Член 12

Управување со претпријатието,спроведувањето на одлуките на органите на управување и работењето на јавното претпријатие, се врши во согласност со Законот за јавните претпријатија, други закони, оваа Одлука и Статутот на претпријатието.

Претпријатието своето материјално-финансиско работење ке го води според финансиските и сметководствените правила и стандарди на трговските друштва и според мегународните сметководствени стандарди.

Годишната сметка и финансискиот извештај на претпријатието подлежат на ревизија од страна на независна ревизорска куќа.

Член 13

Органи на јавното претпријатие се: Управен одбор, Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење (во натамошниот текст: надзорен одбор) и Директорот.

Член 14

Управниот одбор на Јавното претпријатие се состои од 5(пет) члена, кои ги именува и разрешува Советот на Општина Кавадарци.

Мандатот на членовите на Управниот Одбор трае 4 години.

Член 15

Надзорниот одбор на Јавното претпријатие се состои од 5 (пет) члена кои ги именува и разрешува Советот на Општина Кавадарци.

Мандатот на членовите на надзорниот одбор трае 4 години.

Член 16

Со работата на претпријатието раководи директор што го избира и раразрешува Градоначалниот на Општина Кавадарци, врз основа на јавен конкурс.

Директорот го претставува и застапува претпријатието.

Член 17

Со Статутот на претпријатието поблиску ке се уреди организацијата и раководењето на Јавното претпријатие, општите акти и постапката за нивно донесување и извршување како и други прашања од значење на Јавното претпријатие.

Овластувања, правата,обврските и одговорностите на органите на претпријатието ке се утврдат со Статутот, во согласност со закон.

Член 18

Градоначалникот ке овласти лице да ги води работите на претпријатието се до негово конституирање и поднесе пријава за регистрација на претпријатието пред надлежниот регистарски орган.

Член 19

Претпријатието се организира на начин со кој се обезбедува најоптимално вршење на дејноста за која се основа. Претпријатието може да основа и подружница согласно потребите и дејноста.

Внатрешната организација поблиску ке се уреди со посебен акт на претпријатието.

Член 20

Статутот на претпријатието ке се донесе и именувањето на органите на претпријатието ке се изврши во рок од 60 дена од денот на уписот во

Центарален Регистар, а другите акти ке се донесат во рок од 60 дена од денот на донесувањето на Статутот.

Член 21

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето , а ке се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.08-2175/6** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**24.04.2018 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа(“Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадаци бр.8/05), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на**
**Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за општински линиски превоз на патници во Општина Кавадарци**

**1.СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за општински линиски превоз на патници во Општина Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 24.04.2018 година.

**2.**Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Кавадарци .

**Бр.09-2357/7** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**25.04.2018година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02),а во врска со член 19 и 22 од Законот за превоз на патниот сообраќај(“Сл.весник на РМ” бр.68/04,127/06, 114/09,83/10,140/10,17/11,53/11, 6/12, 23/13, 120/13, 163/13, 187/13,42/14, 112/14, 166/14,44/15,97/15,124/15,129/15 , 193/15,37/16 и 71/16) и член 82 став 1 точка 21 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/2005), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 24.04.2018година, донесе:

**О Д Л У К А**

## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПШТИНСКИ ЛИНИСКИ ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

**Член 1**

Во Одлуката за општински линиски превоз на патници во Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадарци"бр.13/06, бр.24/10,6/2018.) се врши следната измена и дополнување:

Во глава **ЛОКАЦИЈА НА АВТОБУСКИТЕ ТЕРМИНАЛИ, СВРТУВАЛИШТА, СТОЈАЛИШТА И ПОСТАПКА ЗА НИВНА ИЗМЕНА**

-Во член 23 после точка 20 СЕ ДОДАВА нова точка 21 и точка 22 кои гласат:
"Автобуска станица бр.21 – ул,,Киро Крстев,, во близина кај Брушански мост"
.Автобуска станица бр.22- во насока од Кавадарци спрема с.Возарци на влезот во с.Возарци,,

Во останатиот текст Одлуката останува непроменета.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кавадарци".

Во останатиот текст Одлуката останува непроменета .

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во"Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-2175/7**
**24.04.2018 година**
**К а в а д а р ц и**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа("Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадаци бр.8/05), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

## РЕШЕНИЕ
### За објавување на
### Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за авто такси превоз на патници во Општина Кавадарци

**1.СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за авто такси превоз на патници во Општина Кавадарци

,донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 24.04.2018 година.

**2.**Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Кавадарци .

**Бр.09-2357/8** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**25.04.2018година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02),а во врска со член 54 од Законот за превоз на патниот сообраќај(Сл.весник на РМ" бр.68/04,127/06, 114/09,83/10,140/10,17/11,53/11, 6/12, 23/13, 120/13, 163/13, 187/13,42/14, 112/14, 166/14,44/15,97/15,124/15,129/15 , 193/15,37/16 и 71/16), член 82 став 1 точка 22 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/2005), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 24.04.2018 година, да донесе:

# О Д Л У К А

## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА АВТО-ТАКСИ ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

**Член 1**

Во Одлуката за авто-такси превоз на патници во Општина Кавадарци бр.07-413/4 од 08.02.2010 ("Сл.гласник на Општина Кавадарци"бр.12/10 година), бр.07-4496/18 од 27.10.2010 година, бр.07– 5805/35 од 22.12.2014 година ,се врши следната измена и дополнување:

1. Во глава **II. ЛОКАЦИЈА И КАПАЦИТЕТ НА ТАКСИ СТАНИЦИТЕ, ОТВАРАЊЕ НА НОВИ И УКИНУВАЊЕ НА ПОСТОЈНИТЕ**

Во член 5 став 1 во табеларниот дел во реден број 3 (три) бројот 11(единаесет) се заменува со број 9 (девет).:

Во останатиот текст Одлуката останува непроменета .

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето ,а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-2175/8** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**24.04.2018 година** **Претседател,**

**К а в а д а р ц и** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа(“Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадаци бр.8/05), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе ,

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на**
**Одлуката за ослободување од плакање надоместок за утврдување на правен статус на бесправен објект**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за ослободување од плакање надоместок за утврдување на правен статус на бесправен објект, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 24.04.2018 година.

**2.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Кавадарци .

**Бр.09-2357/9** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**25.04.2018година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) , член 59 став 12 од Закон за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/2009, 124/2010, 18/2011, 36/2011, 54/2011, 13/2012, 144/2012, 25/2013, 79/2013, 137/2013, 163/2013, 27/2014, 28/2014, 42/2014, 115/2014, 149/2014, 187/2014, 44/2015, 129/2015, 217/2015, 226/2015, 30/2016, 31/2016, 39/2016, 71/2016 и 132/2016), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/2005), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 24.04.2018 година, донесе:

**О Д Л У К А**

**За ослободување од плаќање надоместок**
**за утврдување на правен статус на бесправен објект**

**Член 1**

Општина Кавадарци Локална Самоуправа се ослободува од обврската за плаќање надоместок за утврдување на правен статус на бесправен објект – орган на локална самоуправа – Вила во с.Ваташа означен како број на зграда 1, влез 01, кат: приземје, К1, намена на зграда/посебен дел од зграда А0-2 /Вила /, со локација во м.в„Катуниште„ на КП бр.3422 и КП бр.3425/1 КО Ваташа, со внатрешна површина деловен простор од 346 м2, во износ од 21.106,00 денари.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето , а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-2175/9**
**24.04.2018 година**
**К а в а д а р ц и**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа("Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадаци бр.8/05), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе ,

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на**
**Одлуката за утврдување на потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за објекти надвор од плански опфат**

**1. СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за утврдување на потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за објекти надвор од плански опфат , донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 24.04.2018 година.

**2.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Кавадарци.

**Бр.09-2357/10**
**25.04.2018година**
**Кавадарци**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ" бр.5/2002), член 132 став 1 од Статутот

на Општина Кавадарци („Сл.весник на Општина Кавадарци" бр.8/05), а во врска со член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија" бр.23/11, бр.54/11, бр.155/12, бр.53/13, бр.72/13, бр.44/14, бр.115/14, бр.199/14, бр.124/15, бр.129/15, бр.217/15 и бр.31/16), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 24.04.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За утврдување на потребата од донесување на нова урбанистичко планска**
**документација за објекти надвор од планскиот опфат**

**Член 1**

Се утврдува потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за објекти надвор од планскиот опфат, со што ќе се изврши документирање на состојбата која е утврдена на лице место, за следните барања:

1. **Барање арх.бр. 14-262** на барателот **Благој Здравков, ул.Пионерска бр.31** од **Кавадарци**, за утврдување на правен статус на бесправен објект.
   **–Станбен простор –Викенд куќа – зграда бр.1 изграден на КП бр.897/3 м.в. Под Ридот во КО Ресава.**
   **-Помошен простор – Гаража- зграда бр.2 изграден на КП бр.898/1 и КП бр.897/3 м.в. Под Ридот во КО Ресава.**

2. **Барање арх.бр. 14-1428** на барателот **Лазо Балов, ул.Беласица бр.8** од **Кавадарци**, за утврдување на правен статус на бесправен објект.
   **–Станбен простор – Викенд куќа – зграда бр.1 изграден на КП бр.177/2 м.в. Село во КО Бохула.**

3. **Барање арх.бр. 14-1607** на барателот **Цанко Тасев, ул.Илинденска бр.1** од **Марена**, за утврдување на правен статус на бесправен објект.
   **–Станбен простор – зграда бр.1 изграден на КП бр.2506 м.в. Село во КО Марена.**
   **-Помошен простор – зграда бр.2 изграден на КП бр.2506 м.в. Село во КО Марена.**

4. **Барање арх.бр. 14-5020** на барателот **ТРД Галакси-2002, ул.Прилепска бр.3** од **Кавадарци**, за утврдување на правен статус на бесправен објект.

**–Други објекти од инфраструктура- зграда бр.1 изграден на КП бр.3320/17 и дел од КП бр.3320/15 м.в. Големи Љубаш КО Кавадарци 1 (ВОН)**

5. **Барање арх.бр. 14-2895** на барателот **ТРД КТВ ДООЕЛ, ул.Маршал Тито бб** од **Кавадарци**, за утврдување на правен статус на бесправен објект.

   **– Други објекти од инфраструктура – зграда бр.2 изграден на КП бр.3320/15 м.в. Големи Љубаш во КО Кавадарци 1 (ВОН).**

6. **Барање арх.бр. 14-3591** на барателот **Перо Петров, ул.Тоде Мајсторчев бр.6** од **Кавадарци**, за утврдување на правен статус на бесправен објект.

   **–Станбен простор – зграда бр.1 изграден на КП бр.9534 м.в. Злешево во КО Кавадарци 1 (ВОН).**

7. **Барање арх.бр. 14-7010** на барателот **Јовица Крстевски, ул.Маршал Тито бр.68** од **Марена**, за утврдување на правен статус на бесправен објект.

   **–Станбен простор – зграда бр.1 изграден на КП бр.2759/1 во КО Марена.**

8. **Барање арх.бр. 14-1988** на барателот **Милан Костадинов, ул.Димо Тодоров бр.25** од **Марена**, за утврдување на правен статус на бесправен објект.

   **–Станбен простор – зграда бр.1 изграден на КП бр.2440 во КО Марена.**

9. **Барање арх.бр. 14-6991** на барателот **Ванчо Митевски, ул.Гоце Делчев бр.63** од **Марена**, за утврдување на правен статус на бесправен објект.

   **–Станбен и помошен простор – зграда бр.1 изграден на КП бр.1221, дел од КП бр.1222 и дел од КП бр.1224 м.в. Смолница во КО Марена.**

10. **Барање арх.бр. 14-1977** на барателот **Глигор Ташев, ул.Беласица бр.7/2** од **Марена**, за утврдување на правен статус на бесправен објект.

    **–Станбен простор – зграда бр.1 изграден на КП бр.2495 во КО Марена.**

11. **Барање арх.бр. 15-1277** на барателот **Блажо Ѓорѓиев, ул.Страшо Пинџур бр.63/4-5** од **Кавадарци**, за утврдување на правен статус на бесправен објект.

    **–Помошен простор – зграда бр.2 изграден на КП бр.2603 во КО Марена.**

**-Помошен простор – зграда бр.3 изграден на КП бр.2603 во КО Марена.**

12. **Барање арх.бр. 14-4545** на барателот **Ќиро Миндев, ул.Партизанска бр.57 од Марена и Борис Миндев, ул.Бул.Македонија бб/1-8** од **Кавадарци**, за утврдување на правен статус на бесправен објект.

    **–Станбен простор – зграда бр.2 изграден на КП бр.2877 во КО Марена.**
    **-Помошен простор – зграда бр.3 изграден на КП бр.2877 во КО Марена.**

13. **Барање арх.бр. 14-4875** на барателот **Ќиро Миндев, ул.Партизанска бр.57 од Марена и Борис Миндев, ул.Бул.Македонија бб/1-8** од **Кавадарци**, за утврдување на правен статус на бесправен објект.

    **-Помошен простор – зграда бр.1 изграден на КП бр.2876 м.в.Село во КО Марена.**

14. **Барање арх.бр. 14-7124** на барателот **Димо Петров, ул.Партизанска бр.20 од Марена** за утврдување на правен статус на бесправен објект.

    **–Станбен простор – зграда бр.2 изграден на КП бр.2831/1 и дел од КП бр.2831/2 во КО Марена.**

15. **Барање арх.бр. 14-3825** на барателот **Сашко Манев, ул.Маршал Тито бр.36 од Марена** за утврдување на правен статус на бесправен објект.

    **–Станбен простор – зграда бр.5 изграден на КП бр.2814 м.в.Село во КО Марена.**

16. **Барање арх.бр. 14-3728** на барателот **Митре Цветков, ул.4-ти Мај бр.4 од Ваташа, Кавадарци** за утврдување на правен статус на бесправен објект.

    **–Станбен простор – Викенд куќа– зграда бр.1 изграден на КП бр.2938 м.в. Глигори Млакот во КО Ваташа.**

17. **Барање арх.бр. 14-3727** на барателот **Митре Цветков, ул.4-ти Мај бр.4 од Ваташа, Кавадарци** за утврдување на правен статус на бесправен објект.

    **–Други објекти од земјоделско земјиште – зграда бр.1 изграден на КП бр.2527 м.в. Глигори Кременица во КО Ваташа.**

18. **Барање арх.бр. 14-2722** на барателот **Петре Јорданов, с.Возарци, Кавадарци** за утврдување на правен статус на бесправен објект.

**–Станбен простор – зграда бр.1 изграден на КП бр.124/1 м.в. Село во КО Шешково.**

19. **Барање арх.бр. 14-3273** на барателот **Марјан Ничков, ул.Орце Николов бр.114 од Кавадарци** за утврдување на правен статус на бесправен објект.

    **–Станбен простор – зграда бр.1 изграден на КП бр.35/1 и дел од КП бр.310/1 м.в. Венец во КО Бошава.**

20. **Барање арх.бр. 14-718** на барателот **Ќиро Малинков, ул.Борис Кидриќ бр.10А од Кавадарци** за утврдување на правен статус на бесправен објект.

    **–Станбен простор –зграда бр.4 изграден на КП бр.551 м.в. Рамниште во КО Брушани.**
    **–Помошен простор –зграда бр.5 изграден на КП бр.551 м.в. Рамниште во КО Брушани.**
    **–Помошен простор –зграда бр.4 изграден на КП бр.552 м.в. Рамниште во КО Брушани.**

21. **Барање арх.бр. 15-197/1** на барателот **Урбан Инвест ДОО, од с.Возарци, Кавадарци** за утврдување на правен статус на бесправен објект.

    **–Други објекти од лесна и незагадувачка индустрија – зграда бр.1 изграден на КП бр.1023/2 во КО Шивец и зафаќа дел од КП бр.677/4 м.в. Лаки Преку Црна во КО Дреново.**

22. **Барање арх.бр.14-6468** на барателот **Јане Ицов** од **Кавадарци** за утврдување на правен статус на бесправен објект.
    **-Станбен и помошен простор, на кп.бр.9598, КО Кавадарци 1 (вон.);**

23. **Барање арх.бр.14-2668** на барателот **Лилјана Смилева** од **Кавадарци** за утврдување на правен статус на бесправен објект.
    **-Викенд куќа, изградена на кп.бр.3424, КО Конопиште ;**

24. **Барање арх.бр.14-6930** на барателот **Атанас Јошев** од **село Сопот, Кавадарци** за утврдување на правен статус на бесправен објект.
    **-Помошен простор, изградена на кп.бр.3338, КО Сопот;**

25. **Барање арх.бр.14-5747** на барателот **Бранко Дрваров** од **Кавадарци** за утврдување на правен статус на бесправен објект.
    **-Станбен и помошен простор, изградена на кп.бр.14026, КО Кавадарци 2;**

26. **Барање арх.бр.14-1651** на барателот **Митрова Драгица** од **Кавадарци** за утврдување на правен статус на бесправен објект.
    **-Станбен простор, изградена на кп.бр.7537/2 и 9634, КО Кавадарци 1 (вон);**

27. **Барање арх.бр. 14-7018** на барателот **Лазар Глигоров, ул.Маршал Тито бр.2** од с.**Марена, Кавадарци**, за утврдување на правен статус на бесправен објект.
    **–Станбен простор- зграда бр.2 изграден на КП бр.2604 м.в. Село КО Марена.**

28. **Барање арх.бр. 14-7108** на барателот **Шабан Алија, ул.Партизанска бр.71** од Марена, **Кавадарци**, за утврдување на правен статус на бесправен објект.
    **– Станбен простор – зграда бр.4 изграден на КП бр.2855 м.в. Село во КО Марена.**

29. **Барање арх.бр. 14-2810** на барателот **Глигор Тотов, 29-ти Ноември бр.16** од **Кавадарци**, за утврдување на правен статус на бесправен објект.
    **–Станбен простор – зграда бр.1 изграден на КП бр.570 м.в. Соколица во КО Крњево.**

30. **Барање арх.бр. 14-2463** на барателот **Васко Ристов, ул.Калница бр.2** од **Кавадарци**, за утврдување на правен статус на бесправен објект.
    **–Станбен простор – зграда бр.1 изграден на КП бр.1329 м.в.Поглед во КО Бошава.**
    **-Помошен простор – зграда бр.2 изграден на КП бр.1329 м.в.Поглед во КО Бошава.**

31. **Барање арх.бр. 14-2991** на барателот **Ристана Лазова, с.Возарци, Кавадарци**, за утврдување на правен статус на бесправен објект.
    **–Станбен простор – зграда бр.2 изграден на КП бр.1036 м.в. Село во КО Возарци.**

32. **Барање арх.бр. 14-6415** на барателот **Јанаќо Најдов, с.Конопиште, Кавадарци**, за утврдување на правен статус на бесправен објект.
    **–Станбен и помошен простор – зграда бр.1 изграден на КП бр.414, дел од КП бр.415 и КП бр.1099/1 м.в. Село во КО Конопиште.**

33. **Барање бр. 14-5198** на **Стојан Илиев** од **Кавадарци, с. Сопот**, за утврдување на правен статус на бесправен објект.

- **згр.1 и 4, влез 1, приземје, кат 1 , стан 1 и 2, станбен простор и тераси, изграден на КП бр.3444 КО Сопот**,

-

34. **Барање бр. 14-2374** на **Борис Николовски** од **Кавадарци, с.Марена**, со адреса на живеење **ул.„Гоце Делчев“ бр.20,** за утврдување на правен статус на бесправен објект.

- **згр.1 – станбен и помошен простор, влез 1 и 2, приземје и мансарда, стан 1 и 2 изграден на КП бр.1766 КО Марена**

35. **Барање бр. 14-399** на **Блажо Кадиов** од **Кавадарци,** со адреса на живеење **ул.„9-та Бригада“ бр.55**, за утврдување на правен статус на бесправен објект.

- **згр.1 и 2 – станбен и помошен простор, влез 1 и 2, приземје и кат 1, изграден на КП бр.9598 КО Кавадарци 1 вон;**
-

36. **Барање бр. 14-5623** на **Трајчо Тасев** од **с. Чемерсско, Кавадарци**, за утврдување на правен статус на бесправен објект.

- **згр.1 – станбен простор и тераса, влез 1, приземје и кат 1, изграден на КП бр.694/2 КО Чемерско**;

37. **Барање бр. 14-6139** на **Златко Костов** од **Кавадарци**, со адреса на живеење **ул.„Бул Едвард Кардељ“ бр.4А-5**, за утврдување на правен статус на бесправен објект.

- **згр.1 – станбен и помошен простор- тераса, влез 1, приземје и мансарда, изграден на КП бр.709/1 КО Конопиште;**

38. **Барање бр. 14-7045** на **Паско Пасков** од **Кавадарци,** со адреса на живеење **ул.„Единство“ бр.8,** за утврдување на правен статус на бесправен објект.

- **згр.1 – станбен и помошен простор- тераса, влез 1 и 2, приземје, изграден на КП бр.163 КО Клиново;**

39. **Барање бр. 14-2808** на **Сашо Јовков** од **Кавадарци**, со адреса на живеење **ул.„Диме Поп Атанасов“ бр.15**, за утврдување на правен статус на бесправен објект

- **Згр. 2 – станбен простор, влез 1, приземје стан 1, изграден на КП бр.2122 КО Рожден;**

40. **Барање бр. 14-5331** на **Ристо Михајлов** од **Скопје**, со адреса на живеење **ул.„Бетовенова“ бр.10,** за утврдување на правен статус на бесправен објект.

- **згр.1 – деловен простор, влез 1, 2 и 3, приземје, изграден на КП бр.260 КО Горниково;**

41. **Барање бр. 14-5330** на **Ристо Михајлов** од **Скопје**, со адреса на живеење **ул.„Бетовенова“ бр.10,** за утврдување на правен статус на бесправен објект.

- **згр.1 – деловен простор, влез 1, 2 и 3, приземје, изграден на КП бр.262 КО Горниково;**

42. **Барање бр. 14-5329** на **Ристо Михајлов** од **Скопје**, со адреса на живеење **ул.„Бетовенова“ бр.10,** за утврдување на правен статус на бесправен објект.

- **згр.1 – деловен простор и помошен простор, влез 1, 2 , приземје, изграден на КП бр.261 и 262 КО Горниково;**

43. **Барање бр. 14-4204** на **Трајче Колев** од **Кавадарци**, со адреса на живеење **ул.„Ѓорѓи Соколов Соко“ бр.37**, за утврдување на правен статус на бесправен објект.

- **згр.16, 17 – станбен простор и помошни простории, влез 1, приземје, и мансарда 1, стан 1, изграден на КП бр.536 КО Брушани;**

44. **Барање бр. 14-5543** на **Петко Бојков** од **Кавадарци**, со адреса на живеење **ул.„Даме Груев“ бр.15**, за утврдување на правен статус на бесправен објект.

- **згр.1 – станбен и помошен простор, влез 1, приземје, стан 1, изграден на КП бр.2152/5 КО Рожден;**

45. **Барање бр. 14-6770** на **Лазо Лалков** од **Кавадарци, с. Ресава**, за утврдување на правен статус на бесправен објект.

- **згр.4 – станбен простор, влез 1, приземје и кат 1, стан 1 и 2, изграден на КП бр.990 КО Ресава;**

46. **Барање бр. 14-4837** на **Ристо Богдановски** од **Кавадарци,** со адреса на живеење **ул.„Едвард Кардељ“ бр.17/1-22**, за утврдување на правен статус на бесправен објект.

- **згр.1 – станбен простор, влез 1, приземје, стан 1, изграден на КП бр.1326 КО Марена;**

47. **Барање бр. 14-3045** на **Трајчо Наумовски** од **Кавадарци**, со адреса на живеење **ул.„Ѓорѓи Сугаре“ бр.1,** за утврдување на правен статус на бесправен објект.

- **згр.22 – станбен и помошен простор, влез 1,и 2, приземје и кат 1, стан 1, изграден на КП бр.438/1 КО Брушани;**

48. **Барање бр. 14-2710** на **Душан Лазаров** од **Кавадарци,** со адреса на живеење **ул.„Кочо Рацин“ бр.20, с. Сопот, за** утврдување на правен статус на бесправен објект.

- **згр.1 –помошен простор, влез 1, приземје, изграден на КП бр.3338 / 5 КО Сопот;**

49. **Барање бр. 14-5220** на **Трајче Илов** од **Кавадарци**, со адреса на живеење **с. Возарци**, за утврдување на правен статус на бесправен објект.

- **згр.2 – помошни површини и деловен простор, влез 1, приземје, стан 1, изграден на КП бр.1181 КО Возарци;**

50. **Барање бр. 14-5034** на **Перо Димитров** од **Кавадарци**, со адреса на живеење **ул.„Киро Митрев“ бр.16,** за утврдување на правен статус на бесправен објект.

- **згр.1 – станбен и помошен простор- тераса, влез 1, приземје, стан 1, изграден на КП бр.176/2 КО Бохоула;**

51. **Барање бр. 14-3586** на **Сашо Атанасов** од **Скопје**, со адреса на живеење **ул.„Васил Ѓоргов“ бр.22-3/26,** за утврдување на правен статус на бесправен објект.

- **згр.7 – станбен и помошен простор, влез 1и 2, приземје, стан 1, изграден на КП бр.467 КО Брушани;**

52. **Барање бр. 14-2187** на **Александар Димов** од **Кавадарци**, со адреса на живеење **ул.„Бул Цветан Димов“ бр.9Б-1-2,** за утврдување на правен статус на бесправен објект.

- **згр.24 – станбен простор, влез 1, приземје, стан 1, изграден на КП бр.438/1 КО Брушани;**

53. **Барање бр. 14-4207** на **Небојша Пешиќ** и **Генциана Стевчевска** од **Скопје** со адреса на живеење **ул.„Партизански одреди“ бр.18Б/14,** за утврдување на правен статус на бесправен објект.

- **згр.1, 2 и 3 – станбен и помошен простор, тераси, влез 1, приземје, МА, стан 1, изграден на КП бр.730 КО Радња;**

54. **Барање бр. 14-487** на **Божин Глигоров** од **Кавадарци**, со адреса на живеење **ул.„Благој Крстиќ“ бр.3/4**, за утврдување на правен статус на бесправен објект.

- **згр.1 – станбен и помошен простор, влез 1, приземје, стан 1, изграден на КП бр.987 КО Конопиште;**

55. **Барање бр. 14-5318** на **ДТТУ Црна Река ДООЕЛ Кавадарци**, за утврдување на правен статус на бесправен објект.

- **згр.1 и 2 – деловен простор, помошен простор, тераса, влез 1 , 2 и 3, приземје, кат 1 и подрум, , изграден на КП бр.980, 979, 981/1 КО Возарци;**

56. **Барање бр. 14-5323** на **ДТТУ Црна Река ДООЕЛ Кавадарци**, за утврдување на правен статус на бесправен објект.

- **згр.1 – станбен и помошен простор, влез 1, приземје, кат 1, стан 1, изграден на КП бр.1243 КО** Возарци;

57. **Барање бр. 14-3534** на **Милан Костов** од **Кавадарци**, со адреса на живеење **ул.„Браќа Миладинови“ бр.1**, за утврдување на правен статус на бесправен објект.

- **згр.1 – станбен простор, влез 1, приземје, стан 1, изграден на КП бр.165 КО Бохоула;**

58. **Барање бр. 14-2841** на **Орцо Настов** од **Кавадарци**, со адреса на живеење **ул.„Едвард Кардељ“ бр.4-1/14**, за утврдување на правен статус на бесправен објект.

- **згр.1и 2 – станбен и помошен простор, влез 1, приземје, кат 1, мансарда 1, стан 1, изграден на КП бр.92/2, 111, 1045 КО Бохула;**

59. **Барање бр. 14-3916** на **Гоце Јованов** од **Кавадарци**, со адреса на живеење **ул.„Гоце Делчев“ бр.93**, за утврдување на правен статус на бесправен објект.

- **згр.3 – станбен и помошен простор и тераса, влез 1, приземје, поткровје, стан 1 и 2, изграден на КП бр.420 КО Галиште;**

60. **Барање бр. 14-5588** на **Драган Настов** од **Кавадарци**, **с. Сопот**, со адреса на живеење **ул.„Маршал Тито бр.98** за утврдување на правен статус на бесправен објект.

- **згр.8, 9 – станбен простор, тераса, влез 1, приземје, стан 1,**

**изграден на КП бр.3228 КО Сопот;**

61. **Барање бр. 14-1350** на **Тони Стојанов** од **Кавадарци**, со адреса на живеење **ул.„Диме Поцев Ико“ бр.24**, за утврдување на правен статус на бесправен објект.

- **згр.1 – станбен и помошен простор, ходник, скали, влез 1 и 2, приземје, сут, ма 1, приз мас1, стан 1 и 2, изграден на КП бр.2401 КО Ресава;**

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.08-2175/10**
**24.04.2018 година**
**К а в а д а р ц и**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа(“Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадаци бр.8/05), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе ,

## РЕШЕНИЕ
## За објавување на
## Одлуката за утврдување на потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за усогласување на намената на бесправно изградените објекти со намените на земјиштето

**1.СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за утврдување на потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за усогласување на намената на бесправно изградените објекти со намените на земјиштето, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 24.04.2018 година.

**2.**Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Кавадарци .

Бр.09-2357/11
25.04.2018година

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
ГРАДОНАЧАЛНИК,

Кавадарци М-р Митко Јанчев

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ” бр.5/2002), член 132 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.весник на Општина Кавадарци” бр.8/05), а во врска со член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија“ бр.23/11, бр.54/11, бр.155/12, бр.53/13, бр.72/13, бр.44/14, бр.115/14, бр.199/14, бр.124/15, бр.129/15, бр.217/15 и бр.31/16), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 24.04. 2018 година, донесе

## О Д Л У К А
## За утврдување на потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за усогласување на намената на бесправно изградените објекти со намените на земјиштето

**Член 1**

Се утврдува потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација со која ќе се изврши усогласување на намената на бесправно изградените објекти кои треба да се вклопат со поединечни зони со намената на земјиштето и општиот режим на градење, на тој начин што со идната урбанистичко планска документација ќе се изврши усогласување со состојбата која е утврдена на лице место, за следните барања :

1. **Барање арх.бр.14-2458** на барателот **Зоран Ставров** од **Кавадарци** за утврдување на правен статус на бесправен објект.
- **деловен објект, на кп.бр.12388, КО Кавадарци 2, за кој согласно важечката планска документација ДУП е предвидена намена Д1 заштитно зеленило;**

2. **Барање арх.бр.14-3507** на барателот **Никола Анѓелков** од **Кавадарци** за утврдување на правен статус на бесправен објект.
- **станбен објект, на кп.бр.10243, КО Кавадарци 2, за кој согласно важечката планска документација ГУП е предвидена намена В – јавни институции (Младински и пионерски дом)**

3. **Барање арх.бр.14-3504** на барателот **Перо Анѓелков** од **Кавадарци** за утврдување на правен статус на бесправен објект.
- **станбен објект, на кп.бр.10243, КО Кавадарци 2, за кој**

**согласно важечката планска документација ГУП е предвидена намена В – јавни институции (Младински и пионерски дом);**

4. **Барање арх.бр.14-2782** на барателот **Владо Ристов** од с.Раец, **Кавадарци** за утврдување на правен статус на бесправен објект.
- **Помошен објект, на кп.бр.10182, КО Кавадарци 2, за кој согласно важечката планска документација е предвидена намена Д1 заштитно зеленило;**

5. **Барање бр. 14-698 на КАРЕ КОМЕРЦ ДООЕЛ**, со седиште на **ул.„ЈНА“ бр.6**, за утврдување на правен статус на бесправен објект со намена Г2 Деловен простор.
- **згр.2, влез 1, приземје, деловен простор, изграден на КП бр.16480 КО Кавадарци 2, за кој согласно важечката планска документација предвидена намена А1 индивидуални станбени објекти .**

6. **Барање бр. 14-764** на **КАРЕ КОМЕРЦ ДООЕЛ**, со седиште на **ул.„ЈНА“ бр.6**, за утврдување на правен статус на бесправен објект.со намена Г2 Деловен простор.
- **згр.2, влез 1, приземје, деловен простор, изграден на КП бр.16480 КО Кавадарци 2, за кој согласно важечката планска документација е предвидена намена А1 индивидуални станбени објекти.**

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци".

| | |
|---|---|
| **Бр.08-2175/11** | **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ** |
| **24.04.2018 година** | **Претседател,** |
| **К а в а д а р ц и** | **Ристо Сакалиев** |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа("Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадаци бр.8/05), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе ,

# РЕШЕНИЕ
## За објавување на
## Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за висината на цените за собирање и транспортирање на комунален отпад во с.Дреново, с.Ресава, с.Бегниште, с.Шивец, населба Моклиште и с.Сопот

**1.СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за висината на цените за собирање и транспортирање на комунален отпад во с.Дреново, с.Ресава, с.Бегниште, с.Шивец, населба Моклиште и с.Сопот, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 24.04.2018 година.

**2.**Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Кавадарци .

**Бр.09-2357/12** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**25.04.2018година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.05/2002), член 120 и 121 од Законот за управување со отпад („Сл.весник на РМ" бр.68/2004, 71/2004, 107/2007,102/08,143/08,124/10,51/11,123/12,147/13,163/13,51/55,146/15,156/15,192/15,39/2016), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.8/05), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 24.04.2018 година, донесе

# О Д Л У К А
## За изменување и дополнување на Одлуката за висината на цените за собирање и транспортирање на комунален отпад во с.Дреново с.Ресава с.Бегниште с.Шивец ,населба Моклиште и с.Сопот

### Член 1

Во Одлуката за висината на цените за собирање и транспортирање на комунален отпад во с.Дреново с.Ресава с.Бегниште с.Шивец ,населба Моклиште и с.Сопот бр. 08 –5066/14 од 31.10.2016 година бр.08-690/20 од 28.02.2017година,Одлуката за висината на цените за собирање и транспортирање на комунален отпад во Општина кавадарци бр.07-413/8 од 08.02.2010 година , се врши следната измена и дополнување :

-Во Насловот на Одлуката СЕ ДОДАВААТ с.Дреново, с.Ресава,с.Бегниште,с.Шивец и с.Сопот.

-Во Член 1 СЕ ДОДАВААТ с.Дреново, с.Ресава,с.Бегниште,с. Шивец и с.Сопот.

-Во Член 2 СЕ ДОДАВААТ с.Дреново, с.Ресава,с.Бегниште,с. Шивец и с.Сопот.

-Член 3 став 1 се менува и гласи „Корисниците на комунална услуга-физички лица од с.Дреново, с.Ресава, с.Бегниште, с.Шивец, населба Моклиште и с.Сопот ке плакаат од м2 за покриен простор„ .

-Во Член 3 став 2 СЕ ДОДАВААТ с.Дреново, с.Ресава,с.Бегниште,с.Шивец и с.Сопот.

Член 2

Со влегувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за висината на цените за собирање и транспортирање на комунален отпад во с.Дреново с.Ресава с.Бегниште с.Шивец ,населба Моклиште и с.Сопот бр. 08-690/20 од 28.02.2017 година(„Сл.Гласник„ бр.54/2017).

Во останатиот дел Одлуката останува непроменета.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето , а ке се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци".

| | |
|---|---|
| **Бр.08-2175/12** | **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ** |
| **24.04.2018 година** | **Претседател,** |
| **К а в а д а р ц и** | **Ристо Сакалиев** |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа("Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадаци бр.8/05), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе ,

## РЕШЕНИЕ
## За објавување на
## Заклучокот по Одлуката за промена на имиња на улици во град Кавадарци

1.СЕ ОБЈАВУВА Заклучокот по Одлуката за промена на имиња на улици град во Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 24.04.2018 година.

**2.**Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Кавадарци .

| | |
|---|---|
| **Бр.09-2357/13** | **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ** |
| **25.04.2018година** | **ГРАДОНАЧАЛНИК,** |
| **Кавадарци** | **М-р Митко Јанчев** |

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа(“Сл.весник на РМ”бр.5/02), и член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.Гласник на Општина Кавадарци” бр.8/05), расправајки по Одлуката за промена на имиња на улици во град Кавадарци, Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 24.04.2018 година, го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

1. НЕ СЕ УСВОЈУВА Одлуката за промена на имиња на улици во град Кавадарци.

2. Советот на Општина Кавадарци предлага во иднина да нема селективни промени на имиња на улици по поединечни барања, и наредните промени на имињата на улици ке се вршат за повеке улици заедно, согласно Законот за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти и Листата за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти на подрачјето на Општина Кавадарци.

3. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во “Сл.Гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.08-2175/13**
**24.04.2018 година**
**К а в а д а р ц и**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа(“Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадаци бр.8/05), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на**
**Одлуката за работно време на Зелен Пазар во Кавадарци**

**1.СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за работно време на Зелен Пазар во Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 24.04.2018 година.

**2.**Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Кавадарци .

**Бр.09-2357/14**
**25.04.2018година**
**Кавадарци**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.05/2002), а во врска со член 6 став 2 од Законот за трговија на зелени пазари(„Сл.Весник на РМ„ бр 11/2018),член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.8/05), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 24.04.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За определување на работното време на Зелен Пазар во Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Кавадарци го определува работното време на Зелен Пазар во Кавадарци, и тоа :

-Работно време од 06:00 до 16:00 часот – секој ден, освен Понеделник.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци".

| | |
|---|---|
| **Бр.08-2175/14** | **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ** |
| **24.04.2018 година** | **Претседател,** |
| **К а в а д а р ц и** | **Ристо Сакалиев** |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа("Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадаци бр.8/05), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе ,

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на**
**Одлуката за долгорочно задолжување на Општина Кавадарци во рамки на Вториот проект за подобрување на општинските услуги (МСИП2)**

**1.СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за долгорочно задолжување на Општина Кавадарци во рамки на Вториот проект за подобрување на општинските услуги (МСИП2), донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 24.04.2018 година.

**2.**Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Кавадарци .

Бр.09-2357/15 ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

25.04.2018година ГРАДОНАЧАЛНИК,

Кавадарци М-р Митко Јанчев

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/2002),а во врска со член 20 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09 и 47/11), член 4 од Законот за јавен долг (Сл.весник на Р.М. бр.62/05, 88/08, 35/11 и 139/14),член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци(„Службен Гласник на Општина Кавадарци„ бр.08/05), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 24.04.2018 година, донесе

## О Д Л У К А
## за долгорочно домашно задолжување на општина Кавадарци во рамки на Вториот проект за подобрување на општинските услуги (MSIP2)

**Член 1**

Со оваа Одлука се уредува долгорочно домашно задолжување на Општина Кавадарци, кое ќе се оствари преку потпишување на Договор за под-заем со Министерството за финансии, во рамки на средствата обезбедени со Вториот проект за подобрување на општинските услуги финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка, во висина на **80.012.728,07 денари**, а со цел финансирање на капитален инвестиционен проект„Реконструкција на коловоз на улици и булевари во населено место Кавадарци – ул.Цано Поп Ристов, Пано Мударов, Мито Хаџи Василев-Јасмин, 7-ми Септември, Страшо Пинџур, Северен Булевар, Едвард Кардељ, Моша Пијаде и Цветан Димов **.**

**Член 2**

Задолжувањето ќе се реализира по пат на домашно долгорочно препозајмување преку Вториот проект за подобрување на општинските услуги, финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој-Светска банка, под следниве услови:

- **каматна стапка: шест месечен EURIBOR со варијабилен распон**
- **рок на отплата: 13 години**
- **грејс период: до 3 години**
- **Последниот датум на отплата на заемот нема да биде подоцна од 15.09.2033 година**

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Кавадарци.

**Бр.08-2175/15** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**24.04.2018 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа("Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од

Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадаци бр.8/05), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе ,

## РЕШЕНИЕ
## За објавување на
## Одлуката за отпочнување на постапка за воспоставување на електронски видео надзор на главните сообраќајници во градот

**1.СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за отпочнување на постапка за воспоставување на електронски видео надзор на главните сообраќајници во градот , донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 24.04.2018 година.

**2.**Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Кавадарци .

**Бр.09-2357/16** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**25.04.2018година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/2002), а во врска со член 7 став 2 од Законот за безбедност на сообраќакот на патиштата („Сл.Весник на РМ.. бр.169/2015,55/2016), член 132 став 1 од Статутот на општина Кавадарци ("Сл.гласник на општина Кавадарци" бр.8/05), Советот на општина Кавадарци на седницата одржана на ден 24.04.2018 година, донесе

## О Д Л У К А
## за отпочнување на постапка за воспоставување на електронски систем за видео надзор на главните сообраќајници во градот

### Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Кавадарци дава согласност за отпочнување постапка за уредување на сообраќајот на локалните патиштаи улици во Општина Кавадарци преку воспоставување на електронски систем за видео надзор, со цел подобрен проток на сообраќајот на улиците и поголема безбедност во сообраќајот.

### Член 2

Електронскиот систем за видео надзор да се набави согласно одредбите на Законот за јавни набавки.

**Член 3**

Финансиските средства за набавка на електронскиот систем за видео надзор се обезбедени од Буџетот на Општина Кавадарци за 2018 година.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-2175/16**
**24.04.2018 година**
**К а в а д а р ц и**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа("Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадаци бр.8/05), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе ,

## РЕШЕНИЕ
**За објавување на**
**Одлуката за давање согласност на Договорот за давање на донација- електрични колички за лица со хендикеп, помеѓу Општина Кавадарци и Здружение на лица со телесна попреченост Мобилност**

**1.СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за давање согласност на Договорот за давање на донација- електрични колички за лица со хендикеп, помеѓу Општина Кавадарци и Здружение на лица со телесна попреченост Мобилност, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 24.04.2018 година.

**2.**Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Кавадарци .

**Бр.09-2357/17**
**25.04.2018година**
**Кавадарци**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 а во врска со член 22 точка 7 од Законот за локална самоуправа(“Сл.весник на РМ бр.05/2002), член 4 - 11 од Законот за донации и спонзорства (Сл.весник на РМ бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15)член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци бр.8/05), Советот на Општина Кавадарци на седница одржана на ден 24.04.2018 година, донесе ,

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Договор за давање на донација - електрични колички за лица со хендикеп, помеѓу Општина Кавадарци и Здружение на лица со телесен инвалидитет Мобилност**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност за потпишување на Договорот за давање на донација на Здружение на лица со телесен инвалидитет Мобилност, за остварување, унапредување, промоција и поддршка на социо – хуманитарни дејности и остварување на социјална грижа за инвалидни лица.

**Член 2**

Со цел регулирање на меѓусебните права и обврски во врска со доделувањето на донацијата од член 1 Општина Кавадарци ќе склучи Договор за донација.

Советот на Општина Кавадарци го овластува Градоначалникот да склучи ,

ДОГОВОР ЗА ДОНАЦИЈА

Помеѓу :

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа(“Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадаци бр.8/05), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе ,

## РЕШЕНИЕ
## За објавување на
## Програмата за изменување и дополнување на Програмата за Развој за 2018 година

**1.СЕ ОБЈАВУВА** Програмата за изменување и дополнување на Програмата за Развој за 2018 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 24.04.2018 година.

**2.**Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Кавадарци .

**Бр.09-2357/47** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**25.04.2018година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.Весник на РМ" бр.5/2002), член 132 став 1 од Статутот на општина Кавадарци ("Сл.гласник на општина Кавадарци" бр.8/05), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 24.04.2018 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за изменување и дополнување на Програмата за Развој на општина Кавадарци за 2018 година**

Во Програмата за Развој на општина Кавадарци за 2018 година бр.09-5167/8 од 22.12.2017 година, се вршат следните измени и дополнувања :

Во Глава 1. ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ/Регионален развој, во под глава – **Реализација на проект по пат на задолжување во МСИП 2** се додава нов текст:
во став 1 после Цветан Димов се додава текстот: Мито Хаџи Василев Јасмин, 7-ми Септември, Страшо Пинџур и Северен Булевар.
Во став 2 во делот после Цветан Димов се додаваТекстот: Мито Хаџи Василев Јасмин, 7-ми Септември, Страшо Пинџур и Северен Булевар,
Износот од 34 384 003 денари, се заменува со износ од 80.012.728,07 денари

Во Глава 1. ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ/Регионален развој, во под глава **Проект,,РеЛОаД"- регионална програма за локална демократија во Западен Балкан**:
Процентуланиот дел од 10% се заменува со 20%, а износот од 6000 евра се заменува со износ од 12 000 евра.

Во Глава 1. ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ/Регионален развој, во под глава – **Грант за успешност** се брише улица Мито Хаџи Василев Јасмин (делот од СОУ,, Добри Даскалов" до спој со Илинденска) , а се додава нова улица Тиквешко Востание.

Во Глава 1. ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ/Регионален развој, во под глава - **Проект,, Општинско корисна работа", финансиски поддржан од УНДП и Министерството за Труд и Социјална политика** на крајот од текстот се додава нов текст кој гласи:
Општина Кавадарци во 2018 година, планира да ангажира дополнитени 12 лица, за што е потребно да се предвиди износ од 450 000 денари донација од УНДП.

Во Глава 1. ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ/Регионален развој, во под глава- Консултантски услуги и ревизија за проекти, СЕ ДОДАВА нов текст кој гласи:

**Воведување и изработка на Локален еколошки акционен план ЛЕАП**

- Локалниот еколошки акционен план за животна средина (ЛЕАП) претставува највисок локален стратешки документ за заштита, планирање и управување со животната средина. ЛЕАП-от како стратешки документ од суштинско значење ќе ги детектира актуелните состојби во областа на животната средина и ќе усвојува соодветни краткорочни и долгорочни мерки за разрешување на идентификуваните проблеми за граѓаните на Општина Кавадарци и за подршка во локалниот економски развој.
Воведувањето и изработката на ЛЕАП ќе се реализира во рок од две години со средства од Буџетот на Општина Кавадарци, од програма Г1, конто 425.

Во Глава 3. ТУРИЗАМ, во подглава **Проект за реконструкција и адаптација на Винска Куќа Кавадарци** текстот се менува и гласи, :

“Општина Кавадарци за 2018 година планира реконструкција на објектот Винска куќа-Кавадарци во насока на подобрување на туристичката понуда на општината. Предвидени средства за овој проект се во висина од 2.000.000 денари од Буџет на Општина Кавадарци, Програма ГА.” .

Во Глава 4. ЕКОЛОГИЈА, во подглава **Проект за подобрено менаџирање на заштитени зони ,** СЕ ДОДАВА нов став 2 и став 3 и текстот гласи:

**Проект за субвенционирање на мерки за топлинска ефикасност**

- Општина Кавадарци планира во 2018 година да објави повик за субвенционирање на воведување на мерки за заштеда на топлинска енергија при купување на грејни тела со голема енергетска ефикасност. Општина Кавадарци за овој проект ќе издвои средства во висина од 1.000.000 денари од Буџет на општината. Начинот и кретириумите за доделување на субвенциите ќе се определат со посебен Правилник.

**Проект за субвенционирање за купување на велосипед**

- Општина Кавадарци со цел да ги стимулира граѓаните за користење на велосипеди, и да се даде поголем придонес во зачувување на животната средина и физичкото здравје на граѓаните ќе им обезбеди поврат на дел од потрошените средства, за набавка на велосипед.
Општина Кавадарци за овој проект ќе издвои средства во висина од 200.000 од Буџет на општината. Начинот и кретириумите за доделување на средствата за субвенционирање ќе се определат со посебен Правилник.

Во Глава 6. ОБРАЗОВАНИЕ И СОЦИЈАЛА, во подглава **Транспарентна општина**, СЕ ДОДАВА нов текст кој гласи:

**Програма за јавни работи**

- Општина Кавадарци согласно јавниот повик за ангажирање на невработени лица со ниски кфалификации од Агенцијата за вработување на Република Македонија, планира да ангажира 50 лица кои ќе извршуваат активности за почист и позелен град.
Средствата за реализација на овој проект ќе бидат обезбедени од Агенцијата за вработување на Република Македонија во износ од 450.000 денари.

Во Глава 7. ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА се вршат следните измени:

- Во точка еден, износот од 34 384 003 денари се заменува со износ од 80.012.728,07 денари
- Во точка три, износот од 66 000 евра/ 4059 000 денари, се заменува со 72 000 евра или 4 428 000 денари.

- Во точка осум, после завршувањето на текстот се додава нов текст кој гласи: потребно е да се предвидат финансиски средства во висина од 450 000 денари во буџетот на општината, а истите ќе бидат во форма на грант од УНДП.
- После точка пет, се додава нов текст кој гласи: За воведувањето и изработката на ЛЕАП кој ќе се реализира во рок од две години потребно е да се предвидат финансиски средства во Буџетот на Општина Кавадарци, во програма Г1, конто 425.

- Во точка тринаесет, износот од 2 000 000 денари останува непроменета.
- По завршувањето на текстот се додава нова текст кој гласи: Потребно е да се издвојат финансиски средства во висина од 1 000 000 денари за реалиација на Проект за субвенционирање на мерки за топлинска ефикасност
- После ова се додава нова точка и нов текст кој гласи: Потребно е да се издвојат финаниски средства во висина од 200 000 денари за реализација на Проект за субвенционирање за купување на велосипед
-

II.Во останатиот дел Програмата останува неизменета.

III. Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во Службен Гласник на Општина Кавадарци.

**Бр.08-2175/47** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**24.04.2018 година** — **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** — **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа(“Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадаци бр.8/05), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе ,

## РЕШЕНИЕ
## За објавување на
## Одлуката за распределба на средства со намена за изградба на други објекти и набавка на видео надзор

**1.СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за распределба на средства со намена за изградба на други објекти и набавка на видео надзор, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 24.04.2018 година.

**2.**Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Кавадарци .

**Бр.09-2357/48** — **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**25.04.2018година** — **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" 5/2002), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадарци"бр.8/2005), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 24.04.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за распределба на средства**
**со намена за изградба на други објекти и набавка на видео надзор**

**Член 1**

Со оваа Одлука се изготвува Финансов План со кој се врши распределба на средства во Буџетот на Општина Кавадарци за 2018, 2019 и 2020 година со намена – изградба на кејот на реката Луда Мара, изградба на нова нисконапонска мрежа и набавка на електронски видео надзор на сообраќајниците.

Од Буџетот на Општина Кавадарци за 2018,2019 и 2020 година – се планира распределба на трошоци за:

- Програма ЈДБ – Изградба на други инфраструктурни објекти позиција 482920 –Изградба на други оојекти – 20.000.000,00 денари
- Програма Ј3 – Јавно осветлување позиција 480190 –Купување на друга опрема – 20.000.000,00 денари
- Програма Г1 – Подршка на локален економски развој позиција 480140 –Купување на информатичка и видео опрема– 2.305.000,00 денари

Оваа Одлука со нејзиното донесување ќе биде составен дел на Развојниот Буџетот на Општина Кавадарци за 2018,2019 и 2020 година.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-2175/48**
**24.04.2018 година**
**К а в а д а р ц и**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа(“Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадаци бр.8/05), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе ,

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на**
Изменување и дополнување на Планот на
Програмата за развој –Програма комунални дејности

**1.СЕ ОБЈАВУВА** Изменување и дополнување на Планот на Програмата за развој –Програма комунални дејности, донесен на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 24.04.2018 година.

**2.**Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Кавадарци .

**Бр.09-2357/49** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**25.04.2018година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална Самоуправа („Сл. Весник на РМ“ бр.5/2002 г), а во врска со член 21- б од Законот за буџетите (Сл.весник на РМ бр.64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11 и 172/12), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (Службен гласник на Општина Кавадарци бр.8/05), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 24.04.2018 година, донесе

**ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА**
**ПЛАН НА ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ ЗА 2018 година**

Во Планот за програми за развој, усвоен со Заклучок бр. 08-4211/3 од 15.11.2017 година (Сл. Гласник на Општина Кавадрци бр.2/17), се врши следната измена и дополнување:

**А.ПРОГРАМА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ**

**ПОДПРОГРМА Ј.Д – Изградба и реконструкција на локални патишта и улици.**

**ЦЕЛИ НА РАЗВОЈНАТА ПОДПРОГРАМА**

Подобрување на инфраструктурните објекти преку реконструкција на постоечките улиции тротоари како и изградба на нови сообраќајници.

**ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ –** изготвување на потребната проектна документација согласно ДУП за ново проектираните улици, како и изработка на предмер пресметка за улиците на кои што се врши рекострукција.

ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ – подобрување на квалитетот на сообраќајот, безбедноста на граѓаните во сообраќајот, како и заштита на животната средина.

РИЗИК И ПРЕТПОСТАВКИ – Нерешени имотно правни прашања, како и дополнителни барања на граѓаните, кои гравитираат на планираните улици за изградба кои како нереални може да предизвикаат негативна реакција и нереализација на планираните активности.

ДАТУМ НА ЗАПОЧНУВАЊЕ НА ИНПЛЕМЕНТАЦИЈАТА – 2018 година.

ДАТУМ НА ЗАВРШУВАЊЕ НА ПРОЕКТОТ 2018 година.

ВКУПНА ВРЕДНОСТ – **74.880.000,00**

УЗ “ВАТАША”
- Реконструкција и изградба на улици
- Реконструкција и изградба на тротоари
- Реконструкција и изградба на потпорни ѕидови и други објекти

**ВКУПНО** : 3.050.000, 00

УЗ “ЌИРО КРСТЕВ”
- Реконструкција и изградба на улици
- Реконструкција и изградба на тротоари
- Реконструкција и изградба на потпорни ѕидови и други објекти

**ВКУПНО** : 10.400.000, 00

УЗ “СЛОГА”
- Реконструкција и изградба на улици
- Реконструкција и изградба на тротоари
- Реконструкција и изградба на потпорни ѕидови и други објекти

**ВКУПНО** : 5.900.000, 00

УЗ “ЗАДРУГАР”
- Реконструкција и изградба на улици
- Реконструкција и изградба на тротоари
- Реконструкција и изградба на потпорни ѕидови и други објекти

**ВКУПНО** : 8.200.000, 00

**УЗ "БРАЌА ЦУНОВИ"**

- Реконструкција и изградба на улици
- Реконструкција и изградба на тротоари
- Реконструкција и изградба на потпорни ѕидови и други објекти

**ВКУПНО** : 2.380.000, 00

**УЗ "БРАЌА ДОСЕВИ"**

- Реконструкција и изградба на улици
- Реконструкција и изградба на тротоари
- Реконструкција и изградба на потпорни ѕидови и други објекти

**ВКУПНО** : 2.800.000, 00

**УЗ "ЉУБАШ"**

- Реконструкција и изградба на улици
- Реконструкција и изградба на тротоари
- Реконструкција и изградба на потпорни ѕидови и други објекти

**ВКУПНО** : 7.710.000, 00

**УЗ "КУЛА"**

- Реконструкција и изградба на улици
- Реконструкција и изградба на тротоари
- Реконструкција и изградба на потпорни ѕидови и други објекти

**ВКУПНО** : 7.240.000, 00

**УЗ "СТРАШО ПИНЏУР"**

- Реконструкција и изградба на улици
- Реконструкција и изградба на тротоари
- Реконструкција и изградба на потпорни ѕидови и други објекти

**ВКУПНО** : 15.650.000, 00

**УЗ "ГЛИШИЌ"**

- Реконструкција и изградба на улици
- Реконструкција и изградба на тротоари
- Реконструкција и изградба на потпорни ѕидови и други објекти

**ВКУПНО** : 1.550.000, 00

**XII. ПРОЕКТИРАЊЕ, РЕВИЗИЈА ЗА ПРОЕКТИ НАДЗОР НА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА**

Проектирање, ревизира на проекти, надзор за комунална

изградба, изработка на геодетски елаборати и елаборати за проценка на недвижен имот, конкурси за идејни решенија, набавка на програми за проектирање и ГИС и други.
Вкупна вредност
10.000.000

**ВКУПНО** : 10.000.000, 00

# Р Е К А П И Т У Л А Ц И Ј А

I. УЗ “Ваташа”
**3.050.000,00**

II. УЗ “Киро Крстев”
**10.400.000,00**

III. УЗ “Слога”
**5.900.000,00**

IV. УЗ “Задругар”
**8.200.000,00**

V. УЗ “Браќа Цунови”
**2.380.000,00**

VI. УЗ “Браќа Досеви”
**2.800.000,00**

VII. УЗ “Љубаш”
**7.710.000,00**

VII. УЗ “Кула”
**7.240.000,00**

IX. УЗ “Страшо Пинџур”
**15.650.000,00**

X. УЗ “Глишиќ”
**1.550.000,00**

XI. Проектирање, ревизија, надзор на

комуналната изградба
**10.000.000,00**

**ВКУПНО: 74.880.000,00**

ПОДПРОГРАМА ЈГ – Изградба на систем за водоснабдување

ЦЕЛИ ЗА РАЗВОЈНАТА ПОДПРОГРАМА –
Подобрување на инфраструктурните објекти преку изградба на нови водоводни линии.

ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ – изготвување на потребната проектната документација согласно ДУП за ново проектираните водоводни линии, како и изработка на предмер пресметка за истите.

ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ – подобрување на квалитетот на водоснабдувањето, заштита на граѓаните од болести и обезбедување на здрава животна средина.

РИЗИК И ПРЕТПОСТАВКИ – нерешени имотно правни прашања како и дополнителни барања на граѓаните кои гравитираат на планираните улици за изградба кои како нереални може да предизвикаат негативна реакција и нереализација на планираните активности.

ДАТУМ НА ЗАПОЧНУВАЊЕ НА ПРОЕКТОТ 2018 година.

ДАТУМ НА ЗАВРШУВАЊЕ НА ПРОЕКТОТ 2018 година.

ВКУПНА ВРЕДНОСТ 4.300.000,00 денари.

ИЗГРАДБА НА СИСТЕМ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ

-Изградба на нови водоводни линии во урбаните заедници
- Интервенции од помал обем

**ВКУПНО 4.300.000,00**

**ДРУГИ КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ**

**СЕЛСКИ МЕСНИ ЗАЕДНИЦИ**

**1. с.Марена**
- Асфалтирање на улици
- Поплочување на улици и тротоари
- Изградба на пешачки мост

**2. с. Сопот**
- Поплочување на улици и тротоари

**3. с. Дреново**
- Поплочување на улици и тротоари

**4. с. Возарци**
- Поплочување на улици и тротоари

**5. с. Бегниште**
- Поплочување на улици и тротоари

**6. с. Чемерско**
- Поплочување на улици

**7. с. Брушани и останати населби на Тиквешко езеро**
- Поплочување на улици

8. с. Ресава
- Поплочување на улици

**9. с. Раец**

- Поплочување на улици
- Изградба на канализација

и други помали селски месни заедници

**ВКУПНО 7.000.000,00**

ИГРАДБА НА ЈАВНИ ОБЈЕКТИ

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Тампонирање и санација на полски патишта | 2.000.000,00 |
| 2. | Монтажа и реконструкција на гранитни коцки | 1.000.000,00 |
| 3. | Градежни работиза иградба на детски игралишта | 1.500.000,00 |
| 4. | Реконструкција на поплочени површини | 1.000.000,00 |
| 5. | Средства за имотно-правни постапки | 10.000.000,00 |
| 6. | Реконструкција и проширување на Западен булевар 2 фаза | 15.000.000,00 |
| 7. | Реконструкција на Северен булевар 1 фаза | 12.000.000,00 |
| 8. | Иградба на атлетска патека во спортски центар Јасмин 1 фаза (асфалтирање) | 3.000.000,00 |
| 9. | Иградба на нов кружен тек кај винарска визба Тиквеш | 10.000.000,00 |
| 10. | Регулација на кеј на р. Луда Мара – Ваташа | 20.000.000,00 |
| 11. | Уредување на просторот за лимени гражи | 4.000.000,00 |
| 12. | Нов пазар ка судот | 4.000.000,00 |
| 13. | Реконструкција на спортска сала Партизан | 6.000.000,00 |
| 14. | Поплочување на пристап до „Брза помош“ и концертна сала на ОМБУ | 1.100.000,00 |
| 15. | Изградба на кружен тек кај ВВ Тиквеш | 10.000.000,00 |

**ВКУПНО:**
**100.600.000,00**

ИГРАДБА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Одржување на локални патишта | 2.000.000,00 |
| 2. | Крпење на ударни дупки | 5.000.000,00 |

**ВКУПНО:**
**7.000.000,00**

ВКУПЕН РЕКАПИТУЛАР

| | | |
|---|---|---|
| А. | Изградбана улици, реконструкција на улици и др.објектипо МЗ | 74.800.000,00 |
| В. | Иградба насистем за водоснабдување | 4.300.000,00 |

C. Изградна насистемза одведување и

прочистување на отпадни води 10.200.000,00

D. Иградба на објекти по селски МЗ 7.000.000,00

E. Иградба на објекти од јавен интерес 100.600.000,00

F. Изградба на локални патишта 7.000.000,00

**СЕ ВКУПНО: 203.900.000,00**

Коментар:

Сите предвидени проекти во оваа програма освен дел од Проектите во ставката „Изградба на Јавни објекти“ се за изградба, реализација во 2018.

Во ставката „Изградба на Јавни објекти“, некои позиции ќе се градат за период од две години и тоа:

- Изградба на нов кружен тек кај „В.В. Тиквеш“, овој проект можно е да се отпочне со реализација во 2018 год. а да се заврши во 2019 год., поради отпочнатата изработка на Основниот проект, а врз основа на тоа и неиздавањето на одобрение на градење, како и самата тендерска постапка за избор на „изведувач“, со која што не може да отпочне без документација.
- Регулација на кеј на река Луда Мара – Ваташа, исто така овој проект може да отпочне со реализација кон крајот на годината, заради обезбедување на неопходната инвестиционо техничка документација. Големата вредност на проектот ќе може да се реализира за не помалку од 6 месеци, а да се заврши со изградба во 2019 год.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Со донесувањето на измената и дополнувањето на Планот за развој – Програма комунални дејности престанува да важи Планот на Програмите за развој на Општина Кавадарци за 2018 Кавадарци – во делот Програма Комунални дејности, усвоен со Заклучок бр. 08-4211/3 од 15.11.2017 .

За спроведување на оваа Програма надлежен е Градоначалникот на Општина Кавадарци и Секторот за урбанизам, комунални дејности,сообраќај и заштита на животната средина.

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Кавадарци.”

| | |
|---|---|
| **Бр.08-2175/49** | **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ** |
| **24.04.2018 година** | **Претседател,** |
| **К а в а д а р ц и** | **Ристо Сакалиев** |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа(“Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од

Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадаци бр.8/05), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе ,

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на**
**Одлуката за давање на согласност за користење на паркинг простор**

**1.СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за давање на согласност за користење на паркинг простор, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 24.04.2018 година.

**2.**Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Кавадарци .

**Бр.09-2357/50** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**25.04.2018година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.05/2002), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.8/05), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 24.04.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За давање согласност за користење на паркинг простор**

Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност на ЕВН Македонија АД Скопје за користење на 2 (две) паркинг места на ул„7-ми Септември„ спроти ЈОУ Библиотека „Феткин„ Кавадарци, заради поставување на станици за полнење на електричните авомобили со цел промовирање на новите трендови во урбаниот транспорт со електрични возила.

Член 2

Корисникот на паркинг местата определени во член 1 се ослободува од плакање на паричниот износ на име цена на услуга за паркирање .

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.08-2175/50** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**24.04.2018 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа("Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадаци бр.8/05), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе ,

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на**
**Одлуката за примање на донација на материјално добро-заштитни челични столбчиња за тротоари**

**1.СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за примање на донација на материјално добро-заштитни челични столбчиња за тротоари, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 24.04.2018 година.

**2.**Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Кавадарци .

**Бр.09-2357/51** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**25.04.2018година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа("Сл.весник на РМ бр.05/2002), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадаци бр.8/05)), а во врска со член 4, 5, 6, 7, 10 и член 11 од Законот за донации и спонзорства (Сл.весник на РМ бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), Советот на Општина Кавадарци на седница одржана на ден 24.04.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за примање на донација на материјално добро – заштитни челични столбчиња за тротоари**

**Член 1**

Со оваа Одлука Општина Кавадарци прима донација заштитни челични столбчиња за тротоар 1.343 парчиња на број, од страна на давателот на донацијата Друштво за производство, трговија и услуги ИГМ-ТРЕЈД Илија и др. ДОО Кавадарци, за остварување на јавен интерес од областа на заштита на животната средина, регулирање на режимот на сообраќајот и развојот на граѓанското општество.

**Член 2**

Вредноста на донација е утврдена на вкупен износ од 1.329.270,оо денари со ДДВ.

**Член 3**

Со цел регулирање на меѓусебните права и обврски, а во врска со примањето на донацијата од член 1, советот на Општина Кавадарци го овластува Градоначалникот како примател на донацијата да склучи:

Д О Г О В О Р З А Д О Н А Ц И Ј А

1. **Друштво за производство, трговија и услуги ИГМ-ТРЕЈД Илија и др. ДОО Кавадарци**, со седиште на ул.“Индустриска“ бр.2 - Кавадарци, со ЕДБ МК 4011994102628 и ЕМБС 4305582, застапувано од Управителот Тихомир Димов, од една страна како давател на донација и

2. **Општина Кавадарци – Локална самоуправа** со седиште на Плоштад “Маршал Тито” бб Кавадарци, со ЕДБ 4011004124215, и ЕМБС 5995965 застапувана од Градоначалникот на Општината М-р Митко Јанчев од друга страна како **Примател на донацијата**

ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОР

**Член 1**

Предмет на овој Договор е донација на материјални добра од страна на Давателот на донацијата ИГМ-ТРЕЈД Илија и др. ДОО Кавадарци на Општина Кавадарци – Локална Самоуправа, како примател на донацијата и истата е во согласност со дејноста на примателот на донацијата.

ЦЕЛ НА ДОГОВОРОТ

**Член 2**

Целта на донацијата, предмет на овој договор е остварување, унапредување, промоција и поддршка на дејностите од јавен интерес од областа на заштитата на животната средина, регулирање на режимот на сообраќајот и развојот на граѓанското општество, за заштита на пешаците и отстранување на непрописно паркираните патнички моторни возила.

ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 3**

Вредноста на Договорот за донација е утврдена на вкупен износ од 1.329.270,оо денари со ДДВ.

**ПРЕДМЕТ НА ДОНАЦИЈА**

**Член 4**

Предмет на овој Договор за донација е донација на материјални добра изразена како заштитни челични столбчиња за тротоар, од цевкасти профили со дијаметар 88,9x2мм и должина L=840мм со заварени анкери по 8 парчиња на секое столбче (8мм.. L=200мм), заштитени со алкиден систем за заштита (еден основен и два завршни премази) - 593 парчиња, заштитни челични столбчиња за тротоар, од цевкасти профили со дијаметар 88,9x2мм и должина L=550мм со заварени бушени анкер плочи од лим 8 x 130 x 170mm, заштитени со алкиден систем за заштита (еден основен и два завршни премази) - 150 парчиња, набавка на челични типлони М 8 х 100мм за анкерување на заштитните столбчиња - 600 парчиња.

**Член 5**

Заштитните челични столбчиња за тротоар, предмет на овој Договор за донација на материјални добра Дарителот на донацијата му го предава на Примателот на донацијата во исправна состојба, а Примателот на донацијата има право да ги постави на тротоарите на главните сообраќајници во градот Кавадарци.

**Член 6**

Со склучувањето на овој Договор за донација на материјални добра, договорните страни се согласни дека Примателот на донацијата ќе изготви и достави Барање за потврдување на јавен интерес на дадена донација до Министерство за Правда заради издавање на Решение со кое се потврдува јавниот интерес на дадената донација. Примателот на донацијата се обврзува, по издавањето и доставувањето на Решение со кое се потврдува јавниот интерес на дадената донација од Министерството за Правда, еден примерок да достави до Давателот на донацијата.

**Член 7**

Со склучувањето на овој Договор за донација на материјални добра, договорните страни Давател и примател на донацијата, се стекнуваат со правото на користење на даночни поттикнувања предвидени со Законот за донации и спонзорства во јавните дејности.

**Член 8**

Давателот и примателот на донацијата се обврзуваат да изготват извештај за донацијата кој ќе ги содржи следните податоци: Име и назив на давателот и примателот на донацијата, име и назив на крајниот корисник, опис на предметот на донацијата, крајна употреба на предметот на донацијата и други податоци. Договорните страни се обврзуваат Договорот и Извештајот да ги достават до УЈП за користење на даночните поттикнувања согласно Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности и тоа во рок од 30 дена од денот на исполнувањето на договорот.

**Член 9**

Донацијата е доброволна и безусловна помош во пари, добра и услуги која не создава директна корист за давателот, ниту обврска за враќање од примателот на донацијата и која може да биде дадена за цели од јавен интерес или за поддршка на активностите на примателот.

**Член 10**

За се што не е предвидено во овој Договор важат одредбите од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности, Законот за облигациони односи и важечките прописи кои ја регулираат оваа материја.

**Член 11**

Доколку дојде до спор во врска со толкувањето и спроведувањето на Договорот, истиот ќе се решава спогодбено, во спротивно надлежен е Судот чија надлежност е утврдена со закон.

**Член 12**

Договорот е изработен во 4 (четири) идентични примероци, од кои по 2 (два) за секоја страна.

**ДОГОВОРНИ СТРАНИ**

| | |
|---|---|
| **Давател на Донацијата** | **Примател на Донацијата** |
| **ИГМ-ТРЕЈД и др. ДОО Кавадарци** | **Општина Кавадарци** |
| **Управител** | **Градоначалник** |
| **Тихомир Димов** | **М-р. Митко Јанчев** |

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кавадарци.

| | |
|---|---|
| **Бр.08-2175/51** | **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ** |
| **24.04.2018 година** | **Претседател,** |
| **К а в а д а р ц и** | **Ристо Сакалиев** |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа(“Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадаци бр.8/05), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе ,

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на**
**Одлуката за примање на донација на садници за пошумување и озеленување од ЈП„Македонски шуми"п.о Кавадарци**

**1.СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за примање на донација на садници за пошумување и озеленување од ЈП„Македонски шуми"п.о Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 24.04.2018 година.

**2.**Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Кавадарци .

**Бр.09-2357/52** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**25.04.2018година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **М-р Митко Јанчев**

Врз основа член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа("Сл.весник на РМ бр.05/2002), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадаци бр.8/05), а во врска со член 4, 5, 6, 7, 10 и член 11 од Законот за донации и спонзорства (Сл.весник на РМ бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), Советот на Општина Кавадарци на седница одржана на ден 24.04.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за примање на донација на садници за пошумување и озеленување од ЈП "Македонски Шуми" п.о. Скопје**

**Член 1**

Со оваа Одлука Општина Кавадарци прима донација 4.000 броја садници за пошумување и озеленување на сливни и ерозивни подрачја во околината на Општина Кавадарци од ЈП "Македонски Шуми" п.о. Скопје.

**Член 2**

Со цел регулирање на меѓусебните права и обврски, а во врска со примањето на донацијата од член 1, советот на Општина Кавадарци го овластува Градоначалникот како примател на донацијата да склучи Договор за донација со ЈП "Македонски Шуми" п.о. Скопје.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кавадарци.

**Бр.08-2175/52**
**24.04.2018 година**
**К а в а д а р ц и**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа(“Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадаци бр.8/05), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе ,

## РЕШЕНИЕ
## За објавување на
## Одлуката за примање и давање на донација на стручна литература од Правниот Факултет „ Јустинијан Први“ Скопје

**1.СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за примање и давање на донација на стручна литература од Правниот Факултет „ Јустинијан Први“ Скопје, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 24.04.2018 година.

**2.**Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Кавадарци .

**Бр.09-2357/53**
**25.04.2018година**
**Кавадарци**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа(“Сл.весник на РМ бр.05/2002), на член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадаци бр.8/05) а во врска со член 4, 5, 6, 7, 10 и член 11 од Законот за донации и спонзорства (Сл.весник на РМ бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), Советот на Општина Кавадарци на седница одржана на ден 24.04.2018 година, донесе

## О Д Л У К А
## за примање и давање на донација на стручна литература од Правниот факултет “ЈустинијанПрви” Скопје

**Член 1**

Со оваа Одлука Општина Кавадарци прима донација стручна литература - 500 научни и стручни трудови од областа на правото и тоа:

1. Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје во чест на проф. Тодоро Рушков, Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, 2011; 445 страници, 2 примерока;

2. Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје во чест на проф. Наум Гризо, Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, 2011; 419 страници, 2 примерока;

3. Густав Радбрух, Филозофија на Правото, Правен факултет Скопје, 2008, страници 253, два примероци;

4. Актуелни прашања за државата и правото на Република Македонија и Руската Федерација, Скопје, 2007, стреници 770, 2 примероци;

5. Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје во чест на проф. Димитар по Георгиев, Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, 2006, Том 40, страници 890;

6. Законската рамка на судската реформа во Република Македонија, Скопје, 2006, страници 270;

7. Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје Том 44-46, Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, 2008-10, страници 425;

8. Зборник Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје во чест на проф. Ѓорѓи Марјановиќ, Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, 2011, страници 1000;

9.Владимир Кандикјан, Томислав Гроздановски, Макроекономика, Правен факултет, Скопје, 2007, страници 220;

10. Саво Климовски, Тања Каракамишева, Политички партии и интересни групи, Праве факултет Скопје, 2006, страници 370;

11. Документи за Македонија, Правен факултет Скопје, 2008, страници 1060;

12. Македонското прашање во Советските надворешни политики (1922-1940) документи, Правен факултет Скопје, 2008, страници 671;

13. Светомир Шкариќ, Гордана Силјановска Дафкова, Уставно право, Правен факултет Скопје, 2007, страници 875;

14. Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје во чест на проф. Панта Марина, Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, 2007, страници 890;

15. Зборник посветен на почесни доктори, доктори и магистри на науката (2001-2006) Правен факултет Скопје, страници 804;

16. СоветскоАлбанските односи, Скопје, 2012, страници 368;

17. Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје во чест на проф. Тодор Џунов, Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, 2006, страници 870;

18. Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје во чест на проф. Владимир Митков, Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, 2006, страници 938;

19.Љиљана Спировиќ Трпеновска, Семејно право, Правен факултет Скопје, 2008, страници 266;

20. Томе Груевски, Историја на новинарството, Скопје, страници 291;

21. Истражувајќи ја другоста, Скопје, 2005, страници 514;

22. Зборник на трудови од Конференцијата - Современото право, правната наука и Јустинијановата кодификација, Правен факултет Скопје, том 1, 2004, страници 540;

23. Зборник на трудови од Конференцијата - Современото право, правната наука и Јустинијановата кодификација, Правен факултет Скопје, том 2, 2004, страници 545;

24.Јадранка Дабовиќ Анастасовска, Валентин Пепељуговски, Право на интелектуалана сопственост, Правен факултет Скопје, 2008, страници 480;

25. Авторско право и сродни права, Правен факултет Скопје, 2008, страници 656.

**Член 2**

Движните ствари од член 1 се предаваат на трајно користење без надоместок на средното општинско училиште Гимназија “Добри Даскалов” Кавадарци, за што ќе се состави Договор и записник за примопредавање.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кавадарци.

**Бр.08-2175/53**
**24.04.2018 година**
**К а в а д а р ц и**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа(“Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадаци бр.8/05), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе ,

## РЕШЕНИЕ
## За објавување на Одлуката за давање на согласност на Годишниот План за вработување на ЈОУДом на култура„Иван Мазов Климе “ за 2018 година

**1.СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за давање на согласност на Годишниот План за вработување на ЈОУДом на култура„Иван Мазов Климе " за 2018 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 24.04.2018 година.

**2.**Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Кавадарци .

**Бр.09-2357/54** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**25.04.2018година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 20-б став 1 алинеа 3 и став 2 од Законот за вработени во јавниот сектор („Службен весник на РМ„ бр.27/14,199/14,27/16), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.05/2002), член 82 став 1 точка 31 од Статутот на Општина Кавадарци ("Службен гласник на Општина Кавдадарци"бр.8/2005), Советот на општина Кавадарци на седницата одржана на ден 24.04.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Годишниот план за вработување на ЈОУ Дом на култура „Иван Мазов Климе„ Кавадарци за 2018 година**

**Член 1**

Се дава согласност на Годишниот план за вработување на ЈОУ Дом на култура „Иван Мазов Климе„ Кавадарци за 2018 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во "Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-2175/54** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**24.04.2018 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа("Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадаци бр.8/05), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе ,

# РЕШЕНИЕ
## За објавување на Заклучокот по Барањето за поддршка од ЈОУДом на култура„Иван Мазов Климе " Кавадарци

1.СЕ ОБЈАВУВА Заклучокот по Барањето за поддршка од ЈОУДом на култура„Иван Мазов Климе " Кавадарци, донесен на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 24.04.2018 година.

**2.**Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Кавадарци .

**Бр.09-2357/55** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**25.04.2018година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа(“Сл.весник на РМ”бр.5/02), и член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.Гласник на Општина Кавадарци” бр.8/05), расправајки по Барањето за Поддршка од ЈОУ Дом на култура„Иван Мазов-Климе„ Кавадарци , Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 24.04.2018 година, го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

1. Советот на Општина Кавадарци дава безрезервна поддршка на Барањето на ЈОУ Дом на култура„Иван Мазов-Климе„ Кавадарци пред Влада на Република Македонија за промена на корисникот на 149 м2 простор на вториот кат од административните простории на Дом на Култура „Иван Мазов –Климе„ Кавадарци.

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во “Сл.Гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.08-2175/55** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**24.04.2018 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа(“Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од

Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадаци бр.8/05), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе ,

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлуката за давање на согласност на Одлуката за дополнување на Програмата за работа на ЈП„Комуналец„ Кавадарци за 2018 година**

1.СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за давање на согласност на Одлуката за дополнување на Програмата за работа на ЈП„Комуналец„ Кавадарци за 2018 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 24.04.2018 година.

**2.**Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Кавадарци .

**Бр.09-2357/56** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**25.04.2018година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 11 став 1 точка 6 Законот за јавните претпријатија бр.38/96, 6/02,40/03, 49/06, 22/07, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 25/2015, 61/2015 и 39/2016), член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ " бр. 5/02), член 82 став 1 точка 30 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.Гласник на Општина Кавадарци" бр.8/05), Советот на Општина Кавадарци на Седницата одржана на ден 24.04.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за давање на согласност**

**на Одлуката за дополнување на Програмата за работа**

**на ЈП„Комуналец„ Кавадарци за 2018 година**

**Член 1**

Се дава согласност на Одлуката за дополнување на Програмата за работа на ЈП„Комуналец„ Кавадарци за 2018 година, со арх.бр.02-530/5 од 20.04.2018 година, донесена од Управен Одбор на ЈП„Јомуналец„ Кавадарци.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во Службен Гласник на Општина Кавадарци .

**Бр.08-2175/56** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**24.04.2018 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа(“Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадаци бр.8/05), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе ,

## РЕШЕНИЕ
## За објавување на Одлуката за давање на согласност на Одлуката за одредување на надоместокот за користење на пазаришниот простор и други погодности на Јавниот Пазар во Кавадарци

1.СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за давање на согласност на Одлуката за одредување на надоместокот за користење на пазаришниот простор и други погодности на Јавниот Пазар во Кавадарци со арх.бр.02-530/3 од 20.04.2018 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 24.04.2018 година.

**2.**Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Кавадарци .

**Бр.09-2357/57** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**25.04.2018година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ “ бр. 5/02), член 82 став 1 точка 31 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.Гласник на Општина Кавадарци” бр.8/05), Советот на Општина Кавадарци на Седницата одржана на ден 24.04.2018 година, донесе

## О Д Л У К А
### за давање на согласност
### на Одлуката за одредување на надоместокот за користење на пазарашниот простор и други погодности на Јавниот Пазар во Кавадарци

**Член 1**

Се дава согласност на Одлуката за одредување на надоместокот за користење на пазарашниот простор и други погодности на Јавниот Пазар во Кавадарци, донесена на седница на Управен Одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци со арх.бр.02-530/3 од 20.04.2018 година

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето , а ке се објави во “Службен Гласник на Општина Кавадарци” .

**Бр.08-2175/57**
**24.04.2018 година**
**К а в а д а р ц и**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**Ристо Сакалиев**